МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 36 став (4) од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 53/11, 6/12 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на увозници на вино, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на увозници на вино, како и потребната документација за упис во Регистарот на увозници на вино.

## Член 2

Увозникот на вино пријавувањето за упис во Регистарот на увозници на вино (во натамошниот текст: Регистарот) го врши со барање на образец во А4 формат даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

(1) Со барањето од член 2 на овој правилник увозникот на вино до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги поднесува и следните документи:

- Извод за тековна состојба на правно лице издадена од Централниот Регистар на Република Македонија кој не може да биде постар од 30 дена, со назнака „Општа клаузула за бизнис" и/или шифра на дејност „46.34 - Трговија на големо со пијалоци" и/или „47.25 - Трговија на мало со пијалоци во специјализирани продавници".

- Известување за започнување на вршење на дејност издадено од Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд,

- Пријава за исполнетост на минимално технички услови и други услови пропишани со закон за вршење на трговија на големо и мало заверена од Државен пазарен инспекторат - Министерство за економија и од надлежниот орган на општината односно Градот Скопје,

- доказ за платени административни такси, и

- доколку правниот субјект е регистриран за дејност „47.25 - Трговија на мало со пијалоци во специјализирани продавници“ важечка Лиценца за продажба на алкохолни пијалоци издадена од Министерството за економија.

(2) Документацијата од став (1) на овој член се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

**Член 4**

Заради ажурирање на евиденцијата на Регистарот, увозниците на вино ги пријават промените на податоците од член 6 на овој правилник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од нивното настанување.

**Член 5**

(1) Регистарот се води во пишана и во електронска форма.

(2) Регистарот во пишана форма се води во папки по азбучен ред на општини каде што се наоѓа седиштето на увозниците на вино.

(3) Регистарот во електронска форма се води во excel формат.

**Член 6**

Регистарот ги содржи следниве податоци:

- назив на увозникот на вино,

- седиште на увозникот на вино,

- адреса на главниот капацитет за чување на вино на увозникот на вино,

- ЕМБС на увозникот на вино,

- капацитет за чување на вино во литри,

- име и презиме на одговорното лице во правното лице, и

- вкупен број на вработени лица.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 29-13208/1
15 април 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ВИНО**

Назив на увозникот на вино: ______________________________

Седиште на увозникот на вино: ______________________________

Адреса на главниот капацитет за чување на вино на увозникот на вино:
(доколку е различна на адресата на седиштето) ______________________________

ЕМБС на увозникот на вино:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|

Капацитет за чување на вино (во литри) ______________________________

Име и презиме на одговорното лице во правното лице: ______________________________

Вкупен број на вработени лица: ______________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

____________________
(место)

____________________
(датум)

Подносител:
____________________
(потпис)